# Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП

**Анкетата за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП**[1] спроведена во декември не упати на позначајни промени во очекувањата на економските аналитичари во поглед на движењето на инфлацијата и БДП во периодот 2017 - 2019. Поголема ревизија на очекувањата се забележува единствено кај очекуваната стапка на економски раст за 2017 година која сега е пониска, приспособување кое економските аналитичари го објаснуваат со збирните податоци за растот на БДП за првите три квартали од годината, како и со движењата кај високофреквентните показатели во последниот квартал.

**Економските аналитичари очекуваат постепено забрзување на инфлацијата и на економскиот раст во периодот 2017 - 2019 година.** Така, за 2017 година очекуваат **просечната стапка на инфлација** да изнесува 1,4%, а потоа умерено да забрза на 1,8% и 2,0% во 2018 и 2019 година, соодветно. Испитаниците ја објаснуваат нагорната патека на инфлацијата за наредните две години со повеќе фактори како: зголемената минимална плата, повисоката акциза за дизел горивата, зголемувањето на акцизата на цигарите, либерализацијата на цената на струјата, секундарните ефекти од најавените промени во персоналниот данок на доход, како и со очекуваниот раст на цените на примарните производи на светскиот пазар. Споредено со претходната анкета очекувањата се речиси непроменети (минимална нагорна ревизија од околу 0,1 п.п. за 2017 и 2018 година). Во поглед на економската активност, просечните очекувања за **реалниот раст на БДП** изнесуваат 0,6%, 2,5% и 3,0% за 2017, 2018 и 2019 година, соодветно. Испитаниците го поврзуваат закрепнувањето на активноста во наредниот двегодишен период со стабилизирањето на политичката состојба во земјата, повисокиот раст на личната потрошувачка поврзан со зголемената минимална плата, најавите за продолжување на проектите поврзани со патната инфраструктура и враќањето на довербата на домашните и на странските инвеститори. Во однос на октомври, испитаниците очекуваат понизок раст за 2017 година (за 0,5 п.п.), додека очекувањата за 2018 и 2019 година се речиси непроменети (минимална нагорна ревизија на очекуваниот раст за 2018 и 2019 година од околу 0,1 п.п.).

---

[1] Во 2017 година, Народната банка на Република Македонија направи промена во анкетното истражување „Анкета за инфлациските очекувања“, коешто е преименувано во „Анкета за инфлациските очекувања и очекувањата за движењето на реалниот БДП“ и чијашто нова структура го следи кварталниот прашалник за професионални прогнозери (Quarterly Survey of Professional Forecasters, https://www.ecb.europa.eu/stats/ecb_surveys/survey_of_professional_forecasters/html/index.en.html) што го спроведува Европската централна банка (ЕЦБ), а воедно ја промени и структурата на примерокот, којшто сега е составен само од економски експерти.







Покрај очекуваната стапка на инфлација и стапката на раст на БДП, во рамки на анкетата, испитаниците даваат и свој поглед за **распределбата на веројатноста за остварување на определени стапки во зададен интервал**. Овие оцени се користат за создавање на агрегатната распределба на веројатностите[2]. Агрегатната распределба на веројатностите за остварување на дадените стапки на инфлација и БДП во петнаесет интервали се прикажани на следниве графикони, а резултатите генерално се совпаѓаат со очекуваните стапки од страна на испитаниците.










Во поглед на **очекувањата за стапката на инфлација** за 2017 година, испитаниците оцениле највисока веројатност дека просечната годишна стапка на

[2] Агрегатната распределба на веројатностите претставува просек од оценетите веројатности од испитаниците за секој интервал на очекувана стапка на инфлација и стапка на раст на БДП.

инфлација ќе се движи во интервалот од 1,0% до 1,4%, додека за 2018 и 2019 година ќе биде помеѓу 1,5% и 1,9%. Во однос на претходната анкета, позначајни разлики во распределбата, и тоа во надолна насока, се забележуваат во однос на очекувањата за 2019 година и тоа: 1) најголем дел од испитаниците веруваат дека стапката на инфлација ќе се движи во интервалот од 1,5% до 1,9%, наспроти очекувањата во октомври кога најголем дел од испитаниците сметале дека ќе се движи во повисокиот интервал од 2% до 2,4%; и 2) позначајно е зголемена веројатноста за стапка на инфлација во 2019 година која би се движела во интервалот од 1,0% до 1,4%.










За 2017 година испитаниците оцениле највисока веројатност дека **годишниот раст на БДП** ќе се движи во интервалот од 0% до 0,4%, за 2018 ќе биде помеѓу 2,5% и 2,9% и за 2019 година дека ќе биде помеѓу 3,0% и 3,4%. Споредено со претходната анкета, значајна промена во распределбата и тоа во надолна насока, што соодветствува и со промената на просечната очекувана стапка на раст на БДП, е направена за 2017 година – најголем дел од испитаниците веруваат дека растот на БДП ќе се движи во интервалот од 0 до 0,4%, наспроти очекувањата во октомври кога најголем дел од испитаниците сметале дека растот ќе се движи во повисокиот интервал од 0,5% до 0,9%.